





# ПРИРАЧНИК ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ИЗБОРИТЕ

OSCE

Овој прирачник дава насоки за набљудување на учеството на жените во изборниот процес. Тој е изготвен како резултат на напорите на ОБСЕ/ОДИХР за подобрување на еднаквоста помеѓу жените и мажите преку вклучување на родовите прашања во сите области од нивното работење.

Прирачникот е изготвен да послужи како работна алатка која ќе им помогне на мисиите на ОБСЕ/ОДИХР задолжени за набљудување на изборите во идентификувањето на различни елементи од изборниот процес кои можат да влијаат врз еднаквото учество на жените. Во прирачникот се утврдени практични чекори што треба да се преземаат, со цел, интегрирање на родовата перспектива во набљудувањето на изборите, како и потребата при извлекување на заклучоци за степенот до кој изборниот процес ги задоволува определбите на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори, целосно да се земе предвид како изборниот процес влијае и врз жените и врз мажите.

Покрај мисиите на ОБСЕ/ОДИХР за набљудување на изборите, овој прирачник, исто така, е корисен за останатите меѓународни набљудувачи, како и за работата на домашните набљудувачки групи.

OSCE

ПРИРАЧНИК ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ИЗБОРИТЕ

# ПРИРАЧНИК
# ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ИЗБОРИТЕ

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и да се копира за образовни и други некомерцијални цели, под услов при секоја репродукција да се наведе ОБСЕ/ОДИХР како нејзин извор.

Оваа публикација претставува превод на „Прирачник за набљудување на учеството на жените во изборите", изработен од ОБСЕ/ОДИХР, 2005. Печатењето е поддржано од Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје,
Зграда на QBE, Скопје
11 Октомври бр. 25

osce.org/skopje

# ПРИРАЧНИК
# ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ИЗБОРИТЕ

osce

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ... 7

А. Целта на овој прирачник ... 7

Б. Како да се користи прирачникот ... 7

1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕТО НА РОДОВИТЕ И ИЗБОРИТЕ: ИНФОРМАЦИИ ЗА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ЕДНА МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ... 9

А. Преглед на улогата на мисијата за набљудување на изборите при набљудување на учеството на жените ... 9

Б. Меѓународни стандарди ... 10

В. Сегашниот статус на жените како лидери во глобални рамки ... 11

Г. Посебни задачи на една мисија за набљудување на изборите ... 11

2. ПРАВЕН КОНТЕКСТ: УЛОГАТА НА ПРАВНИОТ АНАЛИТИЧАР ... 15

А. Општа процена на правната рамка ... 15

Б. Вклучување на правата на жените во уставот ... 16

В. Други закони коишто влијаат врз еднаквоста на жените и политичкото учество ... 16

Г. Можни пречки за правна заштита на правата на жените ... 17

3. ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ И ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА: УЛОГАТА НА ИЗБОРНИОТ АНАЛИТИЧАР ... 21

А. Изборни системи ... 21

Б. Елементи на изборниот процес кои влијаат врз учеството на жените 23

В. Квоти и афирмативна акција ... 24

Г. Учество во изборната администрација ... 25

Д. Евиденција на избирачите ... 26

4. ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖЕНИТЕ: УЛОГАТА НА ПОЛИТИЧКИОТ АНАЛИТИЧАР ... 31

А. Внатрешната организација и импликации врз жените ... 31

Б. Фактори кои можат да ги поткопаат добрите намери ... 32

В. Платформи и напори за привлекување на гласовите на жените ... 33

5. ЖЕНИТЕ И МЕДИУМИТЕ: УЛОГАТА НА МЕДИУМСКИОТ АНАЛИТИЧАР ....................................................................35

А. Медиумите и нивното влијание врз ставовите на јавноста ................35

Б. Општи прашања кои треба да се следат ..........................................36

В. Техники за набљудување на медиумите за време на изборната кампања ..........................................................................................36

6. ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ И КРАТКОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ: УЛОГАТА НА КООРДИНАТОРОТ НА ДОЛГОРОЧНИТЕ НАБЉУДУВАЧИ ....................................................................39

А. Долгорочни набљудувачи ..........................................................39

Б. Краткорочни набљудувачи ........................................................ 40

7. ПОДЕТАЉНА АНАЛИЗА И ИНФОРМАЦИИ: УЛОГАТА НА РОДОВИОТ АНАЛИТИЧАР ....................................................43

А. Жените во општеството ..........................................................43

Б. Жените во политиката ..........................................................44

В. Официјални извори на информации ..........................................46

Г. Невладини организации ..........................................................47

ПРИЛОГ: ОДБРАНИ МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ..........................51

Одбрани определби на ОБСЕ ..........................................................51

Одбрани стандарди и обврски на обединетите нации ..........................51

ЗА ОБСЕ/ОДИХР ....................................................................54

# ВОВЕД

## А. Целта на овој прирачник

Сите земји-членки на ОБСЕ ја признаваат еднаквоста помеѓу жените и мажите како фундаментален аспект на едно праведно и демократско општество. Тие се обврзаа да промовираат еднакви можности за целосно учество на жените во сите аспекти на политичкиот и јавниот живот.

Овој прирачник дава основни насоки за сите мисии за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР (МНИ) во поглед на набљудувањето на учеството на жените во изборниот процес. Тој, во одредена мера, е изготвен како резултат на напорите на ОДИХР за подобрување на еднаквоста помеѓу жените и мажите преку вклучување на родовите прашања во сите области од своето работење. Во прирачникот се утврдени практични чекори што треба да ги презема секоја МНИ, со цел да ја интегрира родовата перспектива во својата работа, надополнувајќи ги информациите содржани во *Прирачникот на ОДИХР за набљудување на изборите* и другите материјали што се подготвени од страна на ОДИХР.

Насоките коишто се содржани во овој прирачник се дадени со намера да се обезбеди секоја мисија за набљудување на изборите да извлече заклучоци за степенот до кој изборниот процес ги задоволува определбите на ОБСЕ и ги одразува универзалните начела, како и целосно да се земе предвид како изборниот процес влијае и врз жените и врз мажите. Не е возможно изборите да ги задоволат определбите на ОБСЕ или да ги исполнат другите меѓународни стандарди, доколку тие не вклучуваат можност за целосно и еднакво учество на жените.

За да се дојде до точни заклучоци по однос на овие прашања потребна е свест и придонес на сите членови на МНИ. Набљудувањето на еднаквото учество на жените во изборниот процес вклучува одговорност којашто ја споделува секој член на мисијата за набљудување на изборите, вклучително главниот тим и долгорочните и краткорочните набљудувачи.

## Б. Како да се користи прирачникот

Овој прирачник е изготвен да послужи како работна алатка. Тој треба да им помогне на сите МНИ во идентификувањето и проценувањето на различни елементи кои можат да влијаат врз еднаквото политичко учество на жените. Преку структурата на прирачникот се настојува да се овозможи членовите на МНИ брзо да се фокусираат на материјалот

којшто е најрелевантен за нивните специфични обврски.

- Воведната глава дава општ приказ и основни податоци за родовите и изборите, коишто треба да бидат корисни за секој член на МНИ;
- Последователните глави обезбедуваат основни информации за родовите аспекти на одделни компоненти на изборниот процес, коишто се организирани според редовната структура на мисиите на ОДИХР за набљудување на изборите. Така, постои глава посветена на правните прашања која е наменета за правниот аналитичар во МНИ, глава за изборните системи која е наменета за изборниот аналитичар во МНИ, глава за политичките партии наменета за политичкиот аналитичар во МНИ, глава посветена на жените и медиумскиот аналитичар во МНИ, како и глава која дава насоки за координаторот на долгорочните набљудувачи;
- За МНИ, која има родов аналитичар вработен со полно работно време или помошник на лицето кое е назначено за контакт лице за родовите прашања, последната глава нуди насоки за дополнителни информации коишто можат да бидат од корист при вршење на потемелни анализи кога е потребно;
- Анекс во кој се содржани текстовите на клучните определби на ОБСЕ и на други меѓународни стандарди релевантни за учеството на жените во изборите;
- Вклучени се многу контролни листи со цел да им се помогне на членовите на мисијата брзо да започнат со одредување на главните точки на испитување поврзано со набљудувањето на МНИ на учеството на жените, како и да послужат како брз потсетник на прашањата што секој член на тимот треба да даде одговор.

Не треба да се очекува дека секое прашање ќе биде покриено од страна на секоја МНИ. Бидејќи секое опкружување на изборите е посебно и единствено, не сите прашања кои се разработуваат во овој прирачник се релевантни за сите избори коишто се предмет на набљудување. Во иста мера, различни МНИ ќе можат да посветат поголемо или помало внимание на родовите прашања во зависност од нивната големина, времетраење и ресурси. Меѓутоа, во рамки на расположливите ресурси, секоја МНИ треба да ги има предвид и да ги разгледува родовите прашања и треба истите да ги вклучи во својата методологија. Известувањето, и таму каде е прикладно во своите препораки.



# 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕТО НА РОДОВИТЕ И ИЗБОРИТЕ: ИНФОРМАЦИИ ЗА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ЕДНА МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

## А. Преглед на улогата на мисијата за набљудување на изборите при набљудување на учеството на жените

Родовите прашања ги засегаат сите аспекти на изборите и затоа тие претставуваат составен дел на работата на мисијата за набљудување на изборите. Сите членови на МНИ треба да бидат свесни за тоа како родовите прашања се поврзани со нивните конкретни должности во рамки на МНИ. При извршување на должностите, тие треба да разгледаат како правните, политичките и социјалните структури влијаат како врз жените, така и врз мажите во изборниот процес. На пример, работата на МНИ ќе опфаќа разгледување на учеството на жените како избирачи, кандидати и избрани претставници; учеството на жените во водечки позиции во државните институции, изборните комисии и политичките партии, и на кој начин правната рамка и медиумските структури влијаат како врз жените, така и врз мажите. Сите членови на МНИ треба да ги следат информациите за учеството на жените при извршувањето на активностите коишто редовно се поврзани со должностите што им се доверени, и тие треба да извлечат соодветни заклучоци во однос на тоа како функционирањето на националните структури и практики влијаат на политичкото учество на жените.

Како што тоа е случај со другите елементи на мисијата за набљудување на изборите, така преку родовото набљудување се настојува да се соберат информации за да се оцени до кој степен законот и практиката ги исполнуваат определбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди, а потоа да дадат конструктивни препораки за земјата-домаќин. Секоја средба со овластеното службено лице, со политичка партија, со претставник на медиумите или НВО дава можност

да се добијат сознанија за состојбата со правата на жените, за постоењето на какви било бариери за нивното еднакво учество во политичкиот живот и за реформите кои можат да помогнат да се надмине дискриминација онаму каде што таа постои.

Шефот на секоја мисија за набљудување на изборите ќе раководи со нејзината работа во правец на исполнување на целите за родово набљудување на ОДИХР. Колку што е можно почесто, родовиот аналитичар треба да биде определен како контакт лице кое ќе ја координира работата на мисијата по однос на родовите прашања. Аналитичарот за родови прашања или контакт лицето за родови прашања треба да биде подготвено да ги известува членовите на тимот и да им дава дополнителни насоки доколку околностите тоа го бараат.

## Б. Меѓународни стандарди

Во рамки на ОБСЕ, во Копенхагенскиот документ[1] се содржани повеќето од определбите кои се однесуваат посебно на изборите. Меѓутоа, многу други определби на ОБСЕ, исто така, се сметаат за клучни за спроведување на демократски избори, вклучително и определбите за недискриминација, за политичките права и за владеењето на правото. Одредбите за недискриминација особено можат да бидат релевантни за родовите прашања и правата на жените. Ставот 5.9 од Копенхагенскиот документ ги обврзува земјите- членки на ОБСЕ да „забранат секаков вид дискриминација и да им гарантираат на сите лица еднаква и делотворна заштита од дискриминација по кој било основ."

Главните стандарди на ОБСЕ за родовата еднаквост се вклучени во Московскиот документ[2] и во Повелбата за европската безбедност[3], со кои земјите-членки се обврзуваат да ја унапредуваат еднаквоста помеѓу жените и мажите. Ставот 23 од Повелбата за европската безбедност, на пример, предвидува дека „Целосното и еднакво остварување на човековите права на жените е суштествено за да се постигне поголем мир, просперитет и демократија во регионот кој го покрива ОБСЕ. Ние сме посветени еднаквоста меѓу мажите и жените да стане составен дел на нашите политики, како на ниво на држави, така и во рамки на организацијата."

Понатаму, речиси сите земји-членки на ОБСЕ ратификувале меѓународни договори или други документи со кои се промовира еднаквоста помеѓу мажите и жените, вклучувајќи ја особено Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (CEDAW) и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП)

Како прилог кон овој прирачник, дадени се текстовите на некои клучни меѓународни стандарди за родовата еднаквост и човековите права на жените, а кои се особено релевантни за изборните процеси.

[1] Документ усвоен во Копенхаген на Конференцијата за човековата димензија на КЕБС, 1990 година. Текстот на овој и на другите документи на ОБСЕ можат да се најдат на интернет-страницата на ОБСЕ: www.obse.org
[2] Документ усвоен во Москва на Конференцијата за човековата димензија, 1991 година.
[3] Повелба за европската безбедност, Истанбул, 1999 година.

## В. Сегашниот статус на жените како лидери во глобални рамки

На планот на унапредување на еднаквото учество на жените во јавниот живот сѐ уште се работи многу, како во светски рамки, така и внатре во земји-членки на ОБСЕ. Во рамки на ОБСЕ, просечниот процент на претставеноста на жените во парламентите изнесува само околу 15 проценти, бројка која многу малку е повисока од светскиот просек од околу 13 проценти.

Разгледувајќи ја оваа бројка од една друга перспектива, Програмата за развој на Обединетите нации има проценето дека „критичната маса", која им овозможува на жените како група да извршат значајно влијание во законодавните органи е 30 проценти. Ова ниво е постигнато само во мал број земји.

Малиот број жени на лидерски позиции се проширува и во извршната власт, каде процентите на жените кои се шефови на држави и жените министри, односно членови на владините кабинети се дури пониски во споредба со оние во парламентите. На пример, само околу 7 проценти од министрите во владите во светот се жени.

## Г. Посебни задачи на една мисија за набљудување на изборите

Со цел делотворно да се анализира статусот на жените во политиката и во изборниот процес, секоја МНИ ќе треба да собере и да процени минимално количество на статистички и други податоци. Мисиите коишто имаат аналитичар за родови прашања, кој е вработен со полно работно време, исто така, треба да бидат способни да обезбедат и многу потемелно да ги анализираат информациите (види Глава 7). Од собраните статистички податоци може да се добие профилот на опкружувањето во кое ќе се спроведуваат изборите, а тие податоци, исто така, можат да се искористат како основа за споредба при определувањето на позитивните и негативните трендови во поглед на унапредувањето на учеството на жените во земјата каде се врши набљудувањето.

Податоците, исто така, можат да користат за определување на мерки коишто треба да ги преземат владите и политичките партии со цел зголемување на претставеноста на жените. Конечно, податоците можат да укажат на програмите за техничка соработка што ОДИХР, или други организации би можеле да ги спроведат, со цел, унапредување на учеството на жените.

Како еден минимум, МНИ треба да се обиде да добие и да извести за основните статистички податоци, како што се:

- Соодносот меѓу бројот на мажи и бројот на жени во новоизбраниот парламентарен состав и во составот кој е на заминување (или во други органи чии избори се набљудуваат) и во мера во која се достапни, таквиот сооднос во претходните парламентарни состави. Овие бројки, исто така, ќе помогнат за определување на трендовите на учеството на жените и нивната претставеност;

- Бројот и пропорционалниот соодност на жените, кои вршат функции на министри во новоформираната и владата во заминување. Доколку жените се јавуваат како носители на многу високи раководни функции надвор од владата, на пример, како судии во високите судски инстанции, тој факт заслужува да биде земен предвид;
- Бројот на жени лидери на партија;
- Соодносот меѓу бројот на мажи и бројот на жени кои се јавуваат како кандидати. На изборите каде се поднесуваат партиски листи, друг важен статистички податок е бројот на жените кои се поставени во „победнички позиции“;
- Степен до кој жените имаат позиции во телото надлежно за спроведување на изборите, редовно централната изборна комисија, и на пониско ниво на изборната администрација;
- Бројот и пропорционалниот соодност меѓу жените и мажите кои се запишани како избирачи.

Вообичаено, статистички податоци можат да се добијат од различни извори, вклучувајќи ги министерствата, бироата за статистички податоци, изборните комисии, органите на локалната самоуправа, политичките партии и НВО.

Покрај статистичките податоци, преку мисијата за набљудување на изборите, членовите на тимот, исто така, треба да приберат и други видови информации за местото на жените во општеството и за нивното учество во политичкиот процес. Врз основа на податоците добиени на средбите со кандидатите, политичките партии, владините службеници или овластени лица, активисти од цивилниот сектор, новинари, академски научници, судии и други, тимот, исто така, може да создаде впечаток за социјалните ставови спрема жените и нивното прифаќање како лидери и донесувачи на одлуки. МНИ треба да го бара одговорот на следниве прашања:

- Дали жените имаат еднаква можност да учествуваат во политичкиот процес?

Доколку тоа не е случај, какви препреки им стојат на патот? Посебно, дали постојат правни пречки за еднакво учество на жените како избирачи, како кандидати или избрани лидери?

- Доколку постојат еднакви можности, дали жените ги користат таквите можности, а доколку тоа не случај, зошто не ги користат? На пример, дали стапките на неписменост, невработеност или сиромаштија се повисоки кај жените? Дали постојат други политички или социјални бариери за учество на жените?
- Дали постојат посебни регионални, малцински, етнички или верски групи кај кои учеството на жените е значително помало во споредба со општата популација?
- Дали измените на законите или практиката би резултирале во поголемо или во подеднакво учество на жените? Доколку е така, кои се тие закони или практики?

Информациите што ќе се добијат како одговор на овие прашања треба да се приклучат како дел кон завршниот извештај на МНИ.

## КОНТРОЛНА ЛИСТА ЗА ОСНОВНИ КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

### ПРЕТСТАВЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ

- ❑ Каков е родовиот соодност во новоизбраниот и во претходниот парламентарен состав (во локалните совети)?
- ❑ Колку жени се министри во владата (градоначалници)?
- ❑ Колкав е бројот и пропорционалниот соодност помеѓу мажите и жените кои извршуваат функции во централните и регионалните избирачки органи?

### КАНДИДАТИ

- ❑ За секоја партија одделно, каков е родовиот соодност на нејзините кандидати?
- ❑ Колку жени се вклучени на партиската кандидатска листа, земено за секоја партија одделно, и колку од нив се на поставени на победнички позиции?
- ❑ Колку жени се кандидирале како независни кандидати?

### ИЗБИРАЧИ

- ❑ Колкав број избирачи се запишани според полот?
- ❑ Дали постојат диспаритети во некои региони, на пример, во области со висока концентрација на малцинства или во области зафатени со судир?

### РЕЗУЛТАТИ

- ❑ Колку жени се избрани? Колкав процент претставува овој број од вкупниот број на избраниот орган?
- ❑ Дали ќе има повеќе или помалку жени од парламентарниот состав на заминување?
- ❑ Дали постои тенденција за избирање на повеќе или помалку жени?

2.



# ПРАВЕН КОНТЕКСТ: УЛОГАТА НА ПРАВНИОТ АНАЛИТИЧАР

## А. Општа процена на правната рамка

Правниот аналитичар на МНИ има обврска да го оцени степенот до кој уставот и правната рамка на земјата ги исполнуваат определбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди за еднакво учество на жените и мажите во политичкиот живот и во изборните процеси. Оваа процена треба да биде составен дел на една поопшта рамка на активности коишто се преземаат како дел од работата на секоја МНИ. Правниот аналитичар мора да оцени дали изборите се спроведуваат во таков правен контекст којшто на секое лица му гарантира еднакви права и недискриминација, како и дали државните институции обезбедуваат делотворно остварување и спроведување на таквите гаранции.

Методологијата според која се оценува изборниот процес како целина, е прикажана во *Насоките за разгледување на правната рамка за изборите*[4] објавена од страна на ОДИХР во јануари 2001 година. Оваа глава поконкретно се фокусира на тоа дали правниот контекст создава основа за родова еднаквост во јавниот живот.

При оценувањето посебно треба да се земе предвид дали правната рамка – во мера во која е поврзана со родовите и изборите – е во согласност со клучните определби на ОБСЕ според Копенхагенскиот документ, Московскиот документ и Повелбата за европската безбедност. Исто така, треба да се оцени дали правната рамка и нејзината практична примена се во согласност со другите меѓународни стандарди и обврски коишто ги презела земјата за која станува збор. Особено, тука влегуваат соодветните одредби од Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените. Овие меѓународни стандарди се усвоени од страна на повеќето земји-членки на ОБСЕ.

[4] Текстот е достапен на интернет-страницата на ОДИХР www.osce.org/ODIHR.

## Б. Вклучување на правата на жените во уставот

Прв чекор при оценувањето на влијанието на правната рамка врз жените и изборите е да се определи, во која мера, уставот на земјата гарантира еднакви човекови права за жените, еднакви можности за политичко учество на жените и ослободување од дискриминација по основ на родот. Доколку уставот премолчува или е нејасен или помалку наклонет кон еднаквите права на жените, со процената може да добие увид за општата положба на жените во општеството, како и нивната положба во политичката арена.

Уставите на повеќето земји во светот, а особено на земји-членки на ОБСЕ, содржат одредби со кои се гарантираат човековите права. Меѓутоа, постојат многу разлики меѓу земјите и народите коишто се резултат на нивните политички и културни традиции, според кои реалноста за еднаквите права за жените значително заостанува зад ветувањето, па дури и во земјите каде еднаквоста е уставно загарантирана. Вообичаено е уставите да вклучуваат гаранции дека граѓаните се еднакви пред законот и посебно се забранува дискриминација по основ на пол. CEDAW ги обврзува државите договорни страни „да го вградат начелото на еднаквост на мажите и жените во националните устави или во друго соодветно законодавство …"[5]

МНИ треба да определи дали постојат уставни одредби кои особено или потенцијално можат да имаат негативно влијание на еднаквоста и/или на политичкото учество на жените. На пример, МНИ треба да констатира дали уставот го гарантира не само правото на гласање, туку, исто така, и правото на сите граѓани да се кандидираат за одредена функција и да бидат избрани.

## В. Други закони коишто влијаат врз еднаквоста на жените и политичкото учество

Покрај уставот и многу други законски прописи можат да влијаат врз еднаквите права на жените и врз степенот на учеството на жените во изборниот процес. Од тие причини, може да биде корисно да се разгледаат други закони, со цел, да се добие увид во поширокиот правен контекст и коишто можат да влијаат врз способноста на жените целосно да учествуваат во јавниот живот, а особено како лидери и донесувачи на одлуки.

Оваа група закони може да опфати:

- Изборниот закон и другите закони директно поврзани со изборниот процес, како што се Законот за политичките партии. Секоја одредба од тие закони, која е очигледно дискриминирачка треба да биде потцртана од страна на МНИ. МНИ, исто така, треба да утврди дали некои одредби од овие закони би можеле индиректно да влијаат неповолно врз жените. На пример, условот со кој од кандидатите се бара да соберат или да бидат поддржани со невообичаено висок број

[5] CEDAW, член 2 (а). Текстот на овој и на другите документи на ОН за човековите права можат да се најдат на интернет-страницата www.unhchr.ch.

потписи за да се квалификуваат на изборите или, пак, условот за оставање значителен паричен депозит од страна на кандидатите за да се квалификува на изборите, може непропорционално да влијае врз жените во земји каде жените традиционално немаат активна улога на кандидати или каде приходите на жените се значително пониски од приходите на мажите. Некои закони за изборите и за политичките партии можат да предвидат квоти за жените, и тие се предмет на разгледување во следната глава на овој прирачник, бидејќи квотите не претставуваат стриктно правно прашање;

- Доколку се усвои посебен закон кој се однесува на еднаквоста на мажите и жените, овој закон, исто така, треба да се разгледа, со цел, да се оцени дали и на кој начин тој влијае врз изборниот процес. Посебно, доколку одредбите од посебниот закон не се усогласени со изборниот закон, таквата неусогласеност треба да се испита и оцени;
- МНИ треба да го процени, таму каде што тоа е возможно, степенот до кој во националното законодавство постојат одредби за недискриминација на жените, дали таквите одредби ефективно се применуваат и спроведуваат, како и евентуалното влијание на таквите одредби врз изборниот процес;
- Доколку земјата е договорна страна на МПЃПП, CEDAW или на други меѓународни договори за човекови права, правниот аналитичар во МНИ треба да утврди дали овие договори можат директно да се применуваат според домашното право и дали тие имаат повисок статус од домашниот закон во рамки на националната правна рамка. Нивната примена, исто така, треба да земе предвид како дел од анализата на МНИ на севкупната правна рамка и примената на истата.

Кога доказите упатуваат на тоа дека улогата на жените во јавниот живот и лидерските структури е значително ниска, причината за тоа може да произлезе од разгледувањето на другите закони. На пример, законите поврзани со личниот статус, семејството и старателството, вработувањето, даноците, наследувањето и правото на сопственост, како и кривичниот законик, можат да обезбедат такви сознанија.

## Г. Можни пречки за правна заштита на правата на жените

Со цел да се обезбеди еднаквост на жените во политичкиот процес, важно е да се разгледа не само законодавната рамка, туку и степенот до кој законите, кои ја гарантираат еднаквоста на жените, ефективно се применуваат и спроведуваат. Очигледно, вредноста на законодавството што ги гарантира правата на жените се намалува доколку законите не се спроведуваат, доколку тие се подложни на субјективно толкување или доколку жените не се свесни за нивното постоење.

Идеално земено, институциите кои се надлежни за спроведување на законите кои се однесуваат на човековите права и родовата еднаквост, треба да ги разбираат принципите вградени во тие закони и нивното значење за унапредувањето на овие права. Тоа можеби не е случај, особено во општества каде традиционалните културни односи се длабоко вкоренети, како и во земјите во транзиција каде динамиката на реформите на правосудството и полицијата може да не се усогласени со динамиката со која се спроведуваат реформите во законодавната сфера.

Дури и кога постојат соодветни закони, понекогаш тие остануваат неприменети затоа што не е јасно определен органот надлежен за нивно спроведување, или затоа што лицата кои се одговорни немаат правно овластување или административни механизми и ресурси да ги применат тие закони. Понекогаш, овластените лица, едноставно, пропуштаат да преземат одредено дејство. Во други случаи, жалбената постапка не обезбедува ефективни правни средства. Во контекст на изборите, набљудувачите треба да ги уочуваат таквите околности.

Несоодветната или селективната примена на законите во одредени случаи, исто така, може многу повеќе да ги доведе жените во неповолна положба отколку мажите. На пример, доколку несоодветно се применуваат одредбите за ограничување на финансирањето на кампањите, тоа може неосновано и неправедно да ги доведе жените- кандидати во неповолна положба во земји каде што постои значителна разлика помеѓу приходите на мажите и жените.

Во земји каде заплашувањето на избирачите или на кандидатите претставува проблем, МНИ треба да оцени дали тоа повеќе ги засега жените во споредба со мажите. Жените, исто така, можат несоодветно да бидат ставени во неповолна положба доколку изборното законодавство е нејасно до таа мера што е подложно на манипулативно толкување. На пример, ако законот е нејасен во поглед на тоа како треба да се заверат потписите на предлогот за номинирање на кандидат, тоа може да доведе до построги критериуми спрема одредени кандидати во споредба со други. МНИ треба да биде подготвена за вакви практики и доколку смета дека тие неправилно се користат заради дисквалификување на жените- кандидати, истите треба да ги евидентира во својот извештај.

Понекогаш, жените немаат доволно сознанија за своите права или средствата за заштита што им стојат на располагање во случај на прекршување на нивните права. Од тие причини, МНИ треба да настојува да процени дали жените имаат соодветен пристап до правни информации, правна помош и до ефективни правни средства. Од особено значење е познавањето на роковите, во кои се поднесуваат и во кои се решаваат приговорите во врска со изборите, а кои рокови се мошне кратки. Жалбите и приговорите во текот на изборите секогаш претставуваат клучни прашања што ги следи МНИ. Анализирајќи ги постапките по поднесените жалби и приговори, МНИ треба да разгледа и да оцени дали овие постапки се еднакво достапни и делотворни за жените-избирачи и кандидати, како што е тоа случај и за мажите.

## ТОЧКИ НА ИСПИТУВАЊЕ: ПРАВЕН КОНТЕКСТ

### УСТАВНИ ОДРЕДБИ

- ❑ Дали уставот гарантира еднакви права за мажите и жените?
- ❑ Дали постои посебна одредба која ја гарантира нивната еднаквост? Дали уставот гарантира еднакво право на мажите и жените да се кандидираат за вршење јавна функција, да бидат носители на јавна функција или да извршуваат функции во владата?
- ❑ Постојат ли уставни одредби кои водат кон одземање на правото на глас на жените или кои водат кон други непогодности за жените?

### ДРУГИ ЗАКОНИ

- ❑ Дали некој од законите кои се однесуваат на изборите содржи одредби, со кои жените се доведуваат во неповолна положба?
- ❑ Дали постои одреден закон во кој посебно се третира еднаквоста на жените и мажите?
- ❑ Доколку се смета за потребно да се изврши ревизија на останатите закони, дали некој од нив е во спротивност со одредбите за еднаков третман, којшто се гарантира со уставот или меѓународните инструменти? Доколку е така, за кои закони станува збор? Законите кои се однесуваат на личниот статус? Законите за семејството? Законите за наследување, за сопственост или за даноци? Кривичниот закон? Други закони?

### ЖЕНИТЕ И ПРАВНИОТ СИСТЕМ

- ❑ Дали постојат докази или причини кои даваат основа за сомневање дека жените не се третираат еднакво пред законот? Доколку е тоа случај, какви видови на пристрасност постојат?
- ❑ Во рамки на изборниот контекст, дали постојат скорешни или тековни судски постапки по предмети во кои се вклучени жени-кандидати, претставници на медиумите, владини службеници или службени лица од изборните органи или од НВО на жените? Доколку тоа е случај, кои се клучните прашања? Доколку некој предмет веќе е завршен, каков бил исходот?



# 3.

# ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ И ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА: УЛОГАТА НА ИЗБОРНИОТ АНАЛИТИЧАР

Основна обврска на изборниот аналитичар на МНИ е да оцени како изборните структури во земјата влијаат на политичкото учество и еднаквите права на жените. Тука спаѓаат видот на изборниот систем и прашањата, како што се евиденцијата на избирачите, регистрирање на кандидатот и процесот на гласање. Како дел од редовната процена влегува и функционирањето и ефективноста на изборната администрација, при што МНИ треба да го оцени степенот до кој жените се вклучени во изборните комисии на различни нивоа и тоа како членови или во нивното раководство, како и да го оцени степенот до кој тие се свесни и имаат сознанија за родовите прашања и истите ги земаат предвид во работата. Во овој дел од прирачникот се дадени општи насоки за клучните прашања што треба да се разгледаат.

## А. Изборни системи

Се чини дека постои поврзаност помеѓу видот на изборниот систем и зголемувањето на бројот на жените како избрани претставници, дури и во држави каде степенот на економски развој и културната традиција не укажуваат на такво унапредување. Општо земено, постои тенденција за избирање на поголем број жени во пропорционалните изборни системи, отколку во мнозинските плуралистички изборни системи или во мешовитите системи. Меѓутоа, не секогаш одреден вид изборен систем води кон позитивни резултати за жените кандидати.

Иако мисијата за набљудување на изборите нема за цел да промовира еден вид на изборен систем над останатите, сепак, МНИ треба да биде свесна за посебните импликации што различните видови изборни системи ги имаат врз успешното учество на жените. Дотолку повеќе, МНИ мора да утврди дали постојат одредени специфики на изборниот систем во земјата, коишто посебно ги унапредуваат и прошируваат можностите за жените или, пак, постојат такви специфики, коишто создаваат бариери или ги дискриминираат жените.

## 1. Пропорционални–претставнички системи

Пропорционалните–претставнички системи, каде партиите поднесуваат кандидатски листи, ги поттикнуваат партиите да вклучуваат повеќе жени меѓу своите кандидати, со цел да привлечат широка поддршка од избирачите. Пропорционалните системи, исто така, се попогодни за примена на афирмативни мерки во споредба со мнозинските системи. Без притисок дека мора да се победи, во мнозинскиот/плуралистичкиот систем, каде „победникот добива сè", партиите можат да бидат наклонети кон поднесување поразновидна кандидатска листа, во која ќе можат да се вклучат и повеќе жени. На тој начин, кандидатските листи им овозможуваат повеќе можности на политичките партии да бидат поприемчиви кон движењата и напорите за лобирање за жените, како во рамките на самата партија, така и меѓу широкиот електорат.

Пропорционалните–претставнички системи отвораат поголема можност за појава на помалите партии, коишто имаат јасно фокусирана програма/агенда. Во некои земји- членки на ОБСЕ, тоа доведе до појава на партии на жените.

## 2. Мнозински/плуралистички системи

Во споредба со пропорционалните–претставнички системи, во системите каде единствениот победник е мандаторот и добива сè, односно во мнозински/плуралистички системи, може да создадат потешкотии за појавување на жени- кандидати.

Овие системи, општо земено, се помалку поттикнувачки за партиите да промовираат жена, доколку се оцени дека машкиот кандидат ги максимизира шансите на партијата да го освои единственото место на изборите во дадена изборна единица.

Во плуралистичките/мнозински системи, носителите на функција често може да попречат нови противници кандидати во политичката арена, вклучително и жени. Носителите на функција уживаат погодности како што се, признавање на името и кандидирање од веќе добро воспоставена и влијателна позиција, и често тие се наоѓаат во многу поповолна позиција во поглед на собирање на финансиски средства. Во многу земји, предностите на оние лица кои се носители на функција во голема мера ги зголемуваат изгледите за повторен избор. Традиционалната доминација на мажите како носители на функција и тенденцијата на повторно избирање на оние кои веќе се носители на функции може да создаде бариери за новите кандидати, вклучително и жените. Сепак, овој феномен подеднакво е полезен за жените кои се носители на функции.

Општо земено, изборите за локалните совети се засноваат на мнозинските плуралистички системи. Појавата на жените во националната политичка провинциенција, во одредена мера, произлегува од жените кои се носители на функции на локално ниво, па од тие причини бројот на жени кои се носители на локални функции може да послужи како барометар за процена на идниот просперитет на жените на национално, односно државно ниво.

## Б. Елементи на изборниот процес кои влијаат врз учеството на жените

Стандардните аспекти на изборните системи – како што се изборни прагови, големина на округот, или видовите кандидатски листи– може да имаат значително влијание на изгледите за изборен успех на жените. Како дел од анализата на изборниот процес, МНИ треба да оцени дали овие и други аспекти на изборниот систем водат кон предности за жените-кандидати или, пак, создаваат бариери за нив.

**Изборни прагови:** Во пропорционалните системи, со прагот на излезност се утврдува минималниот процент на гласови што партијата треба да ги освои за да учествува во распределбата на местата. Колку што е повисок тој праг, толку е потешко помалите партии да бидат претставени и добијат место во парламентот.

Иако не постои меѓународен стандард со кој се уредува нивото на прагот, во повеќето земји-членки на ОБСЕ тој не надминува 5 проценти. МНИ треба внимателно да ги оцени високопоставените прагови, бидејќи тие можат да доведат до невообичаен број на „залудно изгубени“ гласови или избирачи за партиите кои не освоиле места во парламентот.

МНИ треба да процени како праговите влијаат врз вклученоста на жените на кандидатските листи на политичките партии. Мала партија со лимитирани изгледи за успех може да биде склона да ги постави машките кандидати на врвни позиции на кандидатската листа, на тој начин исклучувајќи ги жените од изборната трка. Од друга страна, бидејќи со прагот може да се елиминираат помалите партии, крајниот исход е местата да ги добијат кандидати кои се наоѓале на долните позиции на листите на поголемите партии, давајќи поголема можност тие места да ги добијат жените.

**Големина на изборна единица:** Големината на изборната единица е друг елемент којшто треба да се процени. Во пропорционалните системи, големината на изборната единица е поврзана со бројот на кандидати избрани од една определена изборна единица, изборно подрачје и сл. Општо земено, колку што е поголема изборната единица – или повеќе претставници се избрани од една единица – толку е поверојатно жените да бидат номинирани и да бидат избрани. Принципот е ист како и кај пропорционалните системи, кои во општи црти, означуваат: онаму каде што големината на изборната единица е поголема, притисоците поврзани со концептот „победникот е единствен освојувач на мандатот и добива сè“ се отстранети, на тој начин се поттикнуваат политичките партии да предложат различна листа на кандидати, вклучително и жени. Наспроти тоа, во мнозинските/плуралистички системи, со помала големина на изборна единица се подразбира дека се достапни повеќе места, на тој начин отворајќи повеќе можности за жените-кандидати.

**Видови на листи:** Видот на партиската листа, којашто се употребува во земјата, исто така, има влијание врз претставеноста на жените и истата треба да се

оценува во тој контекст. Кај системот на „затворена” листа кандидатите се наведени во листата по точно определен редослед, кој не подлежи на промени од страна на избирачите. Општо земено, системите на затворена листа се поповолни за жените-кандидати, под услов тие да се позиционираат доволно високо на таквите листи. Системите на „отворена“ листа им овозможува на избирачите да го променат редоследот на кандидатската листа преку рангирање или преферирање на некои кандидати наспроти други на партиската листа. Во земји со отворени листи, избирачите – вклучително и жените избирачи – претендираат да гласаат во корист на машките кандидати, што резултира со тоа што многу жени-кандидати завршуваат на ниски позиции на кандидатските листи, отколку што тоа би било случај со затворените листи. Меѓутоа, отворените листи понекогаш можат да бидат и во корист на жените-кандидати доколку групите за поддршка можат ефективно да се мобилизираат зад одредени жени или доколку избирачите, општо земено, можат да се мобилизираат во поддршка на жените-кандидати.

## В. Квоти и афирмативна акција

**Квоти:** Во пропорционалните–претставнички системи кои вклучуваат кандидатски листи, значително се зголемуваат шансите на жените кога со закон се определуваат минималните нивоа на претставеност на двата пола на кандидатските листи на секоја партија, или кога партиите доброволно усвојуваат внатрешни политики за промоција на жените како кандидати.

ОБСЕ нема формален став за квотите или за задолжителната или доброволната минимална претставеност на секој од половите. Не постојат меѓународни стандарди кои налагаат или ги забрануваат квотите. Мнозинство земји- членки на ОБСЕ немаат ниту задолжителни ниту доброволни квоти, како дел од нивните изборни системи. Меѓутоа, во оние земји каде ОБСЕ помогнала во осмислувањето и во администрирањето на изборниот системи, на пример, во Босна и Херцеговина и на Косово, во таквите системи е вклучена задолжителна родова квота.

Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените предвидува дека „усвојувањето на посебни привремени мерки од страна на државата договорна страна, кои се насочени кон унапредување на *de facto* еднаквоста помеѓу мажите и жените нема да се смета за дискриминација …“[6] .

Како дел од анализата на изборниот систем, МНИ треба да ги оцени задолжителните или доброволните мерки за афирмативна акција или други слични мерки коишто се инкорпорирани во изборниот систем. МНИ треба да го определи степенот до кој таквите мерки биле успешни или не во унапредувањето на учеството на жените. Доколку посебните мерки наменети за

[6] CEDAW, член 4.1.

зголемување на учеството на жените не ја исполниле целта, МНИ треба да се обиде да ги идентификува факторите кои довеле до неуспех.

Законски предвидените квоти имаат најголемо влијание врз изборот на жени-кандидати, бидејќи тие се однесуваат на сите партии, а законот редовно обезбедува основа за негова примена. Истовремено, наметнатата квота за вклучување жени-кандидати на партиските листи може да не биде особено делотворна во правец на обезбедување избор на жените, освен ако со закон, исто така, не се предвиди како да се позиционираат машките и женските кандидати на листата. Доколку жените се позиционираат премногу ниско на листите, во таков случај дури и големите квоти не мора да резултираат со успех на изборите. Таканаречената „*zippered*" листа – во која мажите и жените подеднакво се менуваат – обезбедува најдобри изгледи дека жените ќе бидат избрани.

Онаму каде што постојат квоти, набљудувачите треба да утврдат дали постојат одредби кои го диктираат начинот на кој ќе се пополнуваат испразнетите места, кога по изборот кандидатот не го прифаќа местото или ја напушта функцијата пред истекот на мандатот. На пример, законот кој предвидува квота, може да налага во случај кога жена ќе даде оставка или од други причини трајно ја напушти функцијата, кандидатот којшто ќе ја замени треба да биде следната по ред жена на кандидатската листа. Без таква постапка, делотворноста на законот кој предвидува квота со текот на времето може да се неутрализира, особено доколку се врши притисок на жените да поднесат оставка.

**Афирмативна акција:** Покрај законските квоти, во некои земји политичките партии доброволно вовеле мерки на афирмативна акција со цел да се зголеми бројот на жени кандидати. МНИ треба да го процени функционирањето и делотворноста на таквите мерки.

Друга стратегија за афирмативна акција се концентрира на создавањето „резервни места", со тоа што одреден број места во законодавниот дом се тргаат настрана, со цел, исклучително да бидат пополнети од определени групи, како жените. Ваквите системи се користат во многу земји-членки на ОБСЕ и гарантираат минимално ниво на претставеност на жените во парламентите. Некои противници на ваквите системи тврдат дека концептот на резервирани места, иако е наменет да обезбеди минимално учество на жените во изборните органи, во практиката доведе до психолошки повисок праг за учество на жените.

## Г. Учество во изборната администрација

МНИ треба да го оцени степенот до кој жените се јавуваат како членови на органите надлежни за спроведување на изборите, како и дали тие се наоѓаат на водечките позиции во тие органи. Притоа, во анализата треба да се вклучат централната, односно државната изборна комисија, како и изборните органи на пониско ниво. Покрај

статистичките податоци, МНИ, исто така, треба да оцени дали жените, навистина, настапуваат и дејствуваат како лидери и донесувачи на одлуки, како и какво влијание имаат тие врз лидерските и други функции што ги извршуваат. Понатаму, треба да се направи процена на степенот до кој изборните комисии на сите нивоа се свесни за родовите прашања и истите ги земат предвид во работата.

## Д. Евиденција на избирачите

Една од задачите на МНИ е да ја оцени точноста на избирачките списоци, способноста на администрацијата да ги води избирачките списоци и да даде препораки за тоа како да се поправат слабостите.

МНИ треба да се обиде да ја определи пропорционалната структура на родовите, иако секогаш е невозможно тоа. Бројот на мажи и жени треба да биде приближно еднаков, иако не е невообичаено бројот на жените да е малку поголем. Во мера во која тоа е возможно, исто така, корисно е да се направат одредени регионални споредби. Доколку се чини дека жените помалку се претставени во одреден регион, набљудувачите треба да се обидат да ги определат околностите кои ја предизвикале оваа аномалија. Овие недостатоци можат лесно да се објаснат, односно тие можат да укажат на доминантните социјални и институционални услови кои ги спречуваат жените целосно да учествуваат во јавниот живот. Во зависност од околностите во конкретниот случај, набљудувачите можат да откријат причини за да продолжат со испитување на други дополнителни прашања.

Мисиите за набљудување на изборите треба да бидат свесни за бројните фактори коишто доведуваат до неповолна положба на жените при нивната евиденција како избирачи, а тие фактори треба да се земат предвид при анализирање на системите и постапките за евиденција на избирачите. Некои од нив се однесуваат на земји со „пасивни“ системи на евиденција, односно системи во кои надлежните органи на власта ги собираат податоците за избирачките списоци по автоматизам, врз основа на живеалиштето на граѓаните и други податоци. Во други земји постојат „афирмативни“ системи на евиденција, каде избирачите самите мора да се пријават во избирачкиот список. Одредени потешкотии кои се јавуваат при евиденцијата на жените како избирачи можат да бидат од практична или бирократска природа или поради технички недостатоци или ограничувања на административните капацитети, додека други потешкотии се условени од социјалниот и општествениот контекст.

Постојат голем број на вакви фактори, кон кои набљудувачите треба да го насочат своето внимание:

- Бидејќи името и местото на живеење на жените често се менува со стапувањето во брак, важно е да се воспостави систем во кој ќе се евидентираат ваквите промени, со цел, да не се обесправат ново-мажените жени. Слично на тоа, живеалиштето вообичаено се евидентира според

името на мажот кој е глава на домаќинството, па од тие причини во земјите со пасивен систем на евиденција, особено е важно жените кои се зависни во домаќинствата да бидат вклучени и да се запишат во избирачките списоци, кои се составуваат според бројот на членови во домаќинствата;

- Особено во земјите со систем на афирмативна евиденција, како мошне важно се поставува прашањето, дали центрите каде се врши евиденција во избирачкиот список се доволно пристапни. Работното време, времето потребно да се стигне до овие центри, како и нивната оддалеченост се фактори кои посебно можат да ги засегаат жените, особено жените кои се грижат за мали деца. Погодноста во пристапот до центрите за евиденција на избирачите, исто така, може да влијае врз периодот определен за вршење јавен увид, а во кој период им се остава на избирачите да извршат проверка во избирачките списоци и да се осигурат дека се вклучени во списокот. Набљудувачите, исто така, треба да оценат дали навремено се објавени датумите и времетраењето на периодот за вршење јавен увид во избирачкиот список, како и дали таквото известување е направено во форма достапна за жените, вклучително и за оние жени кои се врзани за домот со мали деца;

- Набљудувачите, исто така, треба да ја оценат и ефективноста на јавните информации во врска со евиденцијата на избирачите и за правото на гласање. Онаму каде жените се помалку застапени во избирачките списоци, набљудувачите треба да утврдат дали изборната администрација, локалните власти, лидерите во заедницата или НВО спроведуваат посебни програми наменети за жените, со цел, да го охрабрат и да го олеснат нивното учество;

- Во постконфликтните општества, важно е властите да усвојат прописи со кои на раселените лица ќе им се овозможи да гласаат. Едно од клучните прашања за раселените лица се однесува на пристапот и добивањето документи за идентификација и живеалиште, а кои документи се неопходни за нивна евиденција и гласање. Многу раселени лица можеби ги загубиле своите документи, бегајќи од непријателствата или биле присилно избркани од нивните заедници. Во вакви случаи, раселените жени можат да одбијат да извадат нови документи или да се запишат, тоа е ризик од заплашување. Жените можат да се плашат дека со тоа што ќе се запишат како избирачи во нивната поранешна заедница, тоа може да доведе до загуба на нивните права поврзани со престојувалиштето во сегашната заедница за нив и нивните деца.

Во сите земји, исто така, е значајно да се разбере традиционалната култура којашто ги спречува жените да се запишат како избирачи, како и да учествуваат на изборите. Јазичните бариери или неписменоста можат да го ограничат пристапот на избирачите до избирачкиот список,

а тоа може непропорционално да влијае врз жените имајќи ја предвид националната стапка на писменост на жените. Веројатно, жените кои припаѓаат на малцински групи особено можат да бидат засегнати. Набљудувачите, исто така, треба да бидат сензитивни на верските, националните, етничките и културните традиции кои можеби го спречуваат евиденцијата на жените.

Онаму каде што постојат услови и доколку е потребно, набљудувачите треба да определат какви мерки и активности треба да се преземат за да се надминат условите што ги спречуваат жените да се запишат како избирачи или на друг начин да учествуваат во изборниот процес, како и да проценат дали таквите мерки и активности ќе имаат некаков позитивен ефект.

## ТОЧКИ НА ИСПИТУВАЊЕ: ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ И ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ

- ❑ Како изборот помеѓу мнозинскиот/плуралистички систем или пропорционалниот-претставнички систем влијае врз учеството и кандидирањето на жените на изборите?
- ❑ Дали одделни аспекти на системот влијаат врз шансите за успех на жените-кандидати?
- ❑ Големината на изборната единица?
- ❑ Изборни прагови?
- ❑ Отворена или затворена листа на гласање? Доколку се користи отворена листа, дали тоа води кон предности или неповолности за жените-кандидати?
- ❑ Тргнувајќи од изборните резултати, како изборниот систем влијаел врз изборот на жените кандидати?

## ТОЧКИ НА ИСПИТУВАЊЕ: ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ И ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### КВОТИТЕ И АФИРМАТИВНАТА АКЦИЈА

- ❑ Дали во законот се вклучени одредби за квоти или афирмативни акции, со цел да се обезбеди избор на жените? Доколку е тоа случај, каков вид мерки се предвидени? Кое е нивото на квотата?
- ❑ Дали законот задолжително предвидува поставување на жените на победнички позиции на листите? (Како општо правило, за победнички позиции се сметаат првите 10 места на листата)
- ❑ На кој начин се пополнуваат испразнетите места доколку некоја жена се повлече од листата?
- ❑ На кој начин овластените лица постапуваат со кандидатските листи кои не ја исполнуваат квотата?
- ❑ Дали однапред се определуваат или се резервираат места за жените? Доколку е така, колку места?
- ❑ Дали мерките за афирмативна акција дејствуваат во полза на жените? Дали постојат недостатоци или пропусти кои го намалуваат нивниот ефект?

### УЧЕСТВО ВО ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

- ❑ До која мера жените се членови на централната, односно државната изборна комисија и на пониските изборни органи?
- ❑ До која мера жените се наоѓаат на лидерските позиции во органите кои ги спроведуваат изборите (изборната администрација)?
- ❑ До која мера жените, навистина, дејствуваат како лидери и донесувачи на одлуки во органите кои ги спроведуваат изборите? Колкаво е нивното вистинско влијание врз лидерските или на другите позиции што ги заземаат?
- ❑ До кој мера изборните комисии на сите нивоа се свесни за родовите прашања и истите ги земаат предвид при работа?

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗБИРАЧИТЕ

- ❑ Дали пропорционалната поделба на жените и мажите на листите се чини дека ја отсликува популацијата во целина?
- ❑ Дали постојат области или региони во кои жените се многу малку претставени?
  Доколку тоа е така, какви се околностите?
- ❑ Дали постојат системски недостатоци или пречки во процесот на евиденција на избирачите кои ги ставаат жените во неповолна положба?
- ❑ Дали властите водат точна евиденција за промените на името или адресата?
- ❑ Дали центрите за евиденција на граѓаните во изборните списоци се лоцирани така што се лесно пристапни?
- ❑ Дали информациите за евиденција на избирачите се направени на начин достапен за жените?
- ❑ Дали овластените лица или НВО се вклучени во активности насочени кон достигање и привлекување на жените-избирачи?
- ❑ Дали постојат посебни околности коишто го ограничуваат пристапот на жените до одделни документи?
- ❑ Дали постојат јазични бариери или бариери поради писменоста кои негативно влијаат врз жените?
- ❑ Дали постојат културни традиции кои претендираат да го попречат евиденцијата и учеството на жените? Етнички или национални обичаи? Традиции поврзани со верата? Општи патријархални традиции? Дали властите преземаат мерки за нивно надминување?



# 4. ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖЕНИТЕ: УЛОГАТА НА ПОЛИТИЧКИОТ АНАЛИТИЧАР

Политичкиот аналитичар во МНИ има примарна задача да ги оцени степенот и природата на политичкото учество на жените на одредени избори. Тука влегува и улогата на жените во политичките партии и како кандидати. Исто така, тука влегува и степенот до кој политичките партии ги интегрираат жените и женските прашања во нивните активности и нивните стратегии за кампања.

## А. Внатрешната организација и импликации врз жените

Со исклучок на независните кандидати, повеќето жени кои имаат амбиции да извршуваат изборна функција зависат од структурите во политичките партии за да бидат номинирани, да ја имаат нивната поддршка, како за време на изборната кампања, така и по нивниот избор. Во голема мера, партиите сами определуваат кога и дали жените ќе станат играчи во политичката арена и до кој степен. Затоа е битно, набљудувачите да оценат дали и на кој начин политичките партии ги промовираат жените на лидерски позиции, дали ги селектираат и промовираат жените како кандидати и дали се обидуваат да ги привлечат жените-избирачи преку третирање на прашања коишто посебно ги засегаат жените.

Организацијата и регистрацијата на политичките партии, вообичаено, се уредени со закон, но со една многу широка правна рамка, така што партиите често имаат широка можност да ја определат сопствената внатрешна структура и процедури. Дури и во напредните демократии, меѓу политичките партии постојат многу разлики во поглед на тоа колку тие внатрешно ги применуваат и се придржуваат кон демократските начела, на пример, на кој начин се селектираат кандидатите и начинот на кој се составуваат кандидатските листи на партијата. Општо земено, колку

партијата во поголема мера ги следи и се придржува до демократските начела и транспарентните практики во рамки на нејзините внатрешни постапки, во таков случај ќе постојат повеќе можности жените да се јават како кандидати, и прашањата кои посебно ги засегаат жените ќе се појават како сериозни прашања во рамките на кампањата. Колку што се потранспарентни внатрешните правила на партијата, постои поголема веројатност тие правила да бидат искористени од страна на активисти кои ќе вршат притисок за еднаквост, промовирање на жените како кандидати, како и ставање посебен акцент на прашањата кои ги засегаат жените. Меѓутоа, во внатрешното работење на партиите често недостасува транспарентност или одговорност, па дури и помеѓу сопствените членови. Како сето ова влијае врз кандидирањето на жените, постојат неколку општи трендови кои заслужуваат да се напоменат.

- Често партиите кои се придржуваат кон социјално-прогресивни идеологии поверојатно е да ги поддржуваат и промовираат жените, како дел од нивната општа тенденција да ги поддржуваат оние сектори од општеството кои традиционално се наоѓаат надвор од структурите на моќ, независно од тоа дали тоа се жени, национални малцинства, хендикепирани или други лица;
- Особено во нововоспоставените демократии, многу партии се организирани околу една високопрофилирана личност. Под такви околности, доколку водечката личност не е жена, тогаш постои помал интерес и спремност да се отворат места за алтернативни кандидати, вклучително и за жените;
- Постојат докази кои упатуваат на тоа дека поверојатно е жените да бидат предложени од партии кои имаат децентрализирани постапки за кандидирање, отколку што е тоа случај со партиите каде предлагањето на кандидати се контролира од еден центар;
- Често, партиите ја заменуваат целосната интеграција на жените и родовите прашања во партиската организација со создавање на „женско крило". Иако ваквите структури во партијата можат да бидат значаен фактор во меѓупартискиот дијалог, во одредени случаи тоа може да резултира со изолација на жените и маргинализирање на нивното значење во рамките на партијата.

## Б. Фактори кои можат да ги поткопаат добрите намери

Целта на промовирањето жени-кандидати може да биде поткопана со внатрешни партиски практики или празнини, кои дозволуваат заобиколување на законите или внатрешните правила. МНИ треба да се предупредат за некои од овие практики.

- Во земјите каде што постои систем на квоти, со цел да се осигури дека жените ќе се појават на кандидатските листи, или онаму каде партиите доброволно прифатиле квоти, овие закони или правила можат да се сметаат за бескорисни, освен ако на жените,

исто така, не им се гарантира дека ќе бидат поставени на победничките позиции на листите;

- Симболичните родови залагања можат да резултираат во поднесување на мешовити кандидатски листи, само со цел да ги задоволат предвидените критериуми или само за да изгледа дека имаат балансирана листа, којашто потоа ја напуштаат преку повлекување или оставки на жените по изборниот ден. Сите индикации за таквите практики треба внимателно да се испитаат од страна на МНИ. Особено, треба да загрижуваат индикациите дека од кандидатите (а посебно од женските кандидати) се бара однапред да поднесат потпишани оставки пред тие да бидат внесени на кандидатската листа;
- Во земјите со преференцијални системи на гласање, во одредени случаи партиите може да не даваат еднаква поддршка на жените кои се влезени на нивните кандидатски листи. Некои партии може премолчно да ги охрабруваат своите поддржувачи да го дадат својот преференцијален глас за мажите кои се наоѓаат на пониските позиции на листите, или, пак, може да не преземаат дисциплински мерки против кандидатите кои ги охрабруваат избирачите да го игнорираат официјалниот редослед на партиските листи;
- Партиите може да не даваат подеднакво или соодветни насоки, обука, поддршка или финансиски средства за жените-кандидати.

## В. Платформи и напори за привлекување на гласовите на жените

Платформите на политичките партии може да ја отсликуваат нивната посветеност на жените и прашањата кои посебно ги засегаат жените. Таквата определба може да се демонстрира преку определен вид прашања, какви што се: ставот на партијата спрема невработеноста на жените или нивната недоволна вработеност, бројот на непријавени работници кои работат во рамките на „сивата економија“, планирање на семејството и репродуктивното здравје, социјалните служби, насилството врз жените, семејните додатоци и дневното згрижување на децата.

При разгледување на партиските платформи, МНИ треба да го оцени степенот до кој во нив се нагласуваат ставови или политички изјави во однос на прашањата кои се од особено значење за жените. Набљудувачите, исто така, треба да оценат во која мера политичките партии сметаат дека е важно да се привлечат гласовите на жените и дали нивните кампањи се таргетирани кон жените-избирачи. Друга област на интерес е дали политичките партии бараат или веќе имаат поддршка или признание од женските НВО или групи за поддржување. Дали тоа што партијата негува таква поддршка може да биде индикатор за нејзиниот интерес и определба да подготви ефективни програми насочени кон унапредување на приоритетите од интерес за жените.

## ТОЧКИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ: ПАРТИИ И КАНДИДАТИ

### ОРГАНИЗАЦИЈА И СТРУКТУРА НА ПАРТИЈАТА

- ❑ Колкав е пропорционалниот однос на жените во членството на партијата? Колкав е пропорционалниот однос на жените во раководството на партијата? Дали некои од пратениците на партијата се жени?
- ❑ На кој начин се утврдува раководството на партијата? Дали постојат посебни правила кои се однесуваат на предлагањето или кандидирањето на жените? Доколку е тоа случај, дали таквите правила се формални, и имаат писмена форма?
- ❑ Како се утврдуваат кандидатските листи на партиите? Дали постојат посебни правила кои се однесуваат на предлагањето/номинирањето или кандидирањето на жените?
- ❑ Колку жените се влезени на кандидатските листи и на кои позиции?
- ❑ Дали партијата има женско крило? Доколку е тоа случај, кои се неговите функции и/или значење?
- ❑ Дали кандидатите претходно мора да достават потпишана писмена оставка, пред да бидат внесени на листата?

### СТРАТЕГИИ ЗА КАМПАЊА

- ❑ Во која мера платформата на партијата третира прашања кои се од особен интерес за жените?
- ❑ Дали партијата има стратегија за привлекување на гласовите на жените?
- ❑ Дали партијата има поддршка од страна на женските организации?
- ❑ Каков вид поддршка партијата им дава на жените-кандидати? Финансиска поддршка? Време за емитување во медиумите? Спроведува обука за водење на ефективна кампања? Дали жените се појавуваат на партиските постери во текот на кампањата?

### ПРОБЛЕМИ ВО ПРЕДИЗБОРНИОТ ПЕРИОД

- ❑ Дали жените-кандидати од која било партија се соочиле со заплашување и мешање во нивните кампањи? Дали нивните проблеми се разликувале од оние проблеми со кои се соочиле мажите?
- ❑ Дали жените се соочиле со други проблеми за време на кампањата?

# 5.




# ЖЕНИТЕ И МЕДИУМИТЕ: УЛОГАТА НА МЕДИУМСКИОТ АНАЛИТИЧАР

Медиумскиот аналитичар во МНИ е задолжен да ги процени квантитетот и квалитетот на медиумското покривање на жените-кандидати, како и да извлече заклучоци за општата природа на медиумско покривање на жените во политиката. Меѓу другите прашања, коишто треба да се разгледаат како составен дел на редовните обврски на медиумскиот аналитичар, спаѓа и прашањето во која мера медиумите вршат директно политичко покривање на жените и прашањата кои посебно ги засегаат жените. Исто така, предмет на интерес е степенот до кој обуката на избирачите е насочена кон жените и дали одредени видови на медиумско покривање кое е посветено на жените или на употребата на стереотипи, може да го попречат напредувањето на жените во политичкиот процес.

## А. Медиумите и нивното влијание врз ставовите на јавноста

Определбите на ОБСЕ за демократските избори налагаат никакви правни или административни пречки да не стојат на патот кон непречен пристап до медиумите и без дискриминација, за сите политички групи и поединци коишто сакаат да учествуваат во изборниот процес. МНИ треба да оцени дали жените-кандидати се соочуваат со каков било облик на дискриминација во поглед на нивниот пристап до медиумите.

Покрај прашањето за еднаков пристап до медиумите, актуелниот квалитет и квантитет на медиумско покривање на жените-кандидати има клучно влијание врз нивниот јавен имиџ и врз изгледите за изборен успех. На секои избори, медиумите имаат клучна улога да обезбедат доволно информации до јавноста за кандидатите и партиите, со цел, да можат да направат избор. Овие фактори ја потенцираат потребата од оценување дали на покривањето на жените-кандидати претставува праведен и непристрастен дел од севкупната медиумска кампања. Од тие причини, МНИ треба да ги испита следниве прашања: дали медиумите ја подобруваат

видливоста на жените-кандидати, дали медиумите ја приготвуваат и култивираат јавноста за прифаќање на жените како нормални субјекти во политичкиот живот и дали медиумите ги претставуваат жените, на начин со кој се јакне довербата на јавноста во нивните капацитет како политички лидери. Начинот на кој медиумите ги прикажуваат жените често може да биде значаен индикатор за статусот на жените во општество во целина.

## Б. Општи прашања кои треба да се следат

МНИ треба да биде предупредена на следниве индикатори за третманот на жените во медиумите.

- Жените-кандидати често не добиваат целосно покривање во медиумите во споредба со нивните машки колеги, и често добиваат помалку важно покривање. Медиумите, исто така, може помалку да ги користат жените-кандидати како извор на мислења или информации, а помалку веројатно е жените-кандидати да се појават како гости во политички програми;
- Жените-кандидати можат да добијат помало медиумско покривање за нивните политички ставови по одредени прашања, а поголемо покривање за нивните лични карактеристики и изгледот, отколку што тоа е случај со нивните машки противници;
- Како кандидати, жените често може да се прикажуваат во нивните традиционални улоги на жени и мајки. Таквите претстави за жените можат да ги наметнат самите медиуми или можат да бидат промовирани преку политичкото рекламирање, коешто го контролираат партиите и самите кандидати. На пример, жените- кандидати може често да го користат својот статус на мајки и грижливи партнери, со цел да ги оправдаат своите ставови за прашања, какви што се образованието и грижата на децата;
- Значењето на таканаречените женски прашања може се обезвредни, на пример, доколку тие се содржани во женските колумни, а не во делот за општи вести.

## В. Техники за набљудување на медиумите за време на изборната кампања

Кога МНИ има целосен тим за набљудување на медиумите, кој постојано ќе врши анализа на електронските и печатените медиуми, на политичките програми, на политичкото рекламирање и уредувачката содржина, тогаш постои можност за проширување на критериумите за оценување, со цел, да се идентификуваат трендовите поврзани со медиумското покривање на жените и нивните претстави.

Вообичаено, целосното набљудување на медиумите вклучува спроведување на компаративна оценка на времето или просторот коишто им се отстапени на различни партии или кандидати, како и оценка дали „тонот“ во одредена статија или емисија е

позитивен или негативен. Со цел, да се оцени покривањето на жените кандидати во споредба со нивни машки противници, исто така, би било корисно овие наоди да се поврзат со родовите.

Доколку ова не е практично или доколку нема целосен тим за набљудување на медиумите, сепак, возможно е да се спроведе анализа на лице место, а во рамките на дадените ограничувања од аспект на времето и човечките ресурси – дури и кога таа анализа статистички не е значајна, сепак, таа ќе обезбеди согледување на разликите што постојат во однос на начинот на покривање на машките и женските кандидати. Притоа, можат да се применат два метода, кои секогаш не се исклучуваат меѓусебно:

- Може да се определи локално вработените лица да следат одредени емисии на главните телевизиски станици во време што ќе го утврди медиумскиот аналитичар. Секое вработено лице може да се задолжи да следи определени вести или политички програми, така што ќе се избегне оптоварувањето само на едно лице;
- Локално вработените лица може да спроведат длабинска анализа на бројни публикации и тоа еден ден непосредно пред денот на одржување на изборите.

Во секој случај, вработените можат да ги анализираат и да ги евидентираат своите наоди поврзани со:

- Бројот на статии или времето посветено одделно за машките и женските кандидати;
- Соодносот помеѓу просторот за печатење и просторот во етерот, кои се посветени на личните особини или изгледот на кандидатите, наспроти информации за ставовите или политичките активности на мажите и жените;
- Случаите кога жените се прикажуваат на начин кој ги отсликува во нивните традиционални улоги на сопруги и мајки;
- Случаи каде преку јазикот, етикетирањето или слики се настојува да се намали статусот и да се обезвреднат постигнувањата на жените;
- Бројот на статии кои се фокусираат на прашања кои посебно ги засегаат жените, како и дали станува збор за нови статии и дали тие се поместени во посебен дел наменет за жените.

## ТОЧКИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ: МЕДИУМИТЕ

### ПОКРИВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И ЖЕНСКИТЕ ПРАШАЊА

- ❑ Како може да го карактеризирате општиот третман на жените во средствата за јавно информирање?
- ❑ Како компетент, способен и професионален?
- ❑ Традиционални и стереотипни претстави на жени или мајки?
- ❑ Сензационално известување?
- ❑ На кое место вообичаено печатените медиуми ги поставуваат статиите поврзани со прашања кои посебно ги засегаат жените? Во делот за општи вести? Во женските колумни или рубрики? На насловната страница?
- ❑ Дали медиумите редовно користат сексистички јазик или етикетирање спрема жените и особено спрема жените-лидери?
- ❑ Во каков сооднос се јавуваат жените како водители на телевизиските вести или како домаќини на политички програми? Во каков сооднос се наоѓаат жените како уредници или политички колумнисти?

### ПОКРИВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И ИЗБОРИТЕ

- ❑ Дали жените-кандидати имаат еднаков пристап до медиумите без дискриминација?
- ❑ Дали жените-кандидати се исто покриени како и мажите во квантитативна и квалитативна смисла? Доколку тоа не е случај, во колкава мера покривањето што го добиваат мажите и жените е поврзано со бројот на кандидати од секој пол?
- ❑ Дали разликите што постојат во покривањето произлегува од медиумскиот избор или од политичкиот избор?
- ❑ Дали има политичко рекламирање посебно насочено кон жените-избирачи?
- ❑ Дали се спроведува обука за избирачите или дали се вложуваат напори за обезбедување излезност кои посебно се насочени кон жените?



6.

# ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ И КРАТКОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ: УЛОГАТА НА КООРДИНАТОРОТ НА ДОЛГОРОЧНИТЕ НАБЉУДУВАЧИ

Координаторот на долгорочните набљудувачи (ДН) во МНИ е задолжен обезбеди долгорочните набљудувачи да бидат запознати и свесни за приоритетите на МНИ во поглед на жените и изборите, како и дека тие известуваат информации добиени од терен коишто можат да бидат корисни при оценувањето и извлекувањето заклучоци за тие прашања. Координаторот на ДН треба тесно да соработува со родовиот аналитичар или со лицето за контакт за да се определи како најдобро да се распределат работните задачи меѓу ДН. Координаторот на ДН, исто така, треба да помогне во определувањето на приоритети за краткорочните набљудувачи (КН) при известувањето за активностите на жените на денот на одржување на изборите.

## А. Долгорочни набљудувачи

Долгорочните набљудувачи имаат централна улога во настојувањата на МНИ да ја опфати целата земја при собирањето на информации за политичките настани и трендови во регионите и во идентификувањето на регионални специфики кои можат да влијаат на изборите. Така, тие имаат клучна положба и придонесуваат во анализата на МНИ за улогата на жените во изборниот процес. Со цел, да се даде ефективен придонес, тие треба да бидат запознати со општиот приод на ОДИХР спрема родовите прашања и изборите и треба да имаат основни познавања за определбите на ОБСЕ и за другите меѓународни обврски за човековите права на жените, особено за нивни изборни права. Информациите содржани во Глава 1 даваат основни познавања кои ќе им користат на ДН, како и на членовите на клучниот тим во МНИ.

Во текот на редовната работа, долгорочните набљудувачи треба да соберат мноштво корисни информации за улогата на жените во изборниот процес во регионите што ги покриваат. Овие информации треба да бидат вклучени во редовните извештаи што ДН ги поднесуваат до седиштето на МНИ. Во светло на огромниот обем

на работа со кој често се соочуваат ДН, степенот до кој тие можат да се фокусираат на родовите прашања е доста различен. Поради тоа, главниот тим треба да ги предупреди ДН за одделни прашања или проблеми што заслужуваат посебно внимание и повторно разгледување.

## Б. Краткорочни набљудувачи

Краткорочните набљудувачи, исто така, треба да бидат вклучени во набљудувањето на учеството на жените на денот на одржување на изборите. Во формуларите за поднесување извештаите, коишто ги користат КН, кога го набљудуваат гласањето во избирачките места, треба да бидат содржани прашања со кои ќе се оствари целта, така што податоците ќе можат да се квантифицираат во текот на анализата на формуларите.

- На КН треба да им се даде упатство да го утврдат бројот на мажите и жените во комисијата на секое избирачко место, како и полот на секој претседател на тие комисии;
- Исто така, на КН може да им се дадат упатства да го утврдат соодносот на жените кои се јавуваат како набљудувачи на политичките партии и/или како домашни непартиски набљудувачи;
- Во мера во која тоа е возможно, КН треба, исто така, да го прашаат претседателот на комисијата на избирачкото место да им даде процена за бројот на жените и мажите кои веќе гласале, или доколку е неопходно, да извлечат сопствено субјективно мислење врз основа на набљудувањето;
- Формуларите на извештајот треба да овозможат известување за инциденти на „семејно гласање", односно кога две или повеќе лица истовремено ќе влезат зад параванот за гласање за да гласаат заедно. Најчесто во семејното гласање се вклучени сопружниците. Семејното гласање претставува повреда на определбите на ОБСЕ за тајноста на гласањето на секое лице и може да ги доведе особено жените во неповолна положба, а тоа е посебно случај во традиционалните патријархални општества каде жените можеби немаат целосна слобода да извршат независен избор или да донесат одлука. Кога семејното гласање е зачестено, тогаш може да се изведе заклучок дека жените немаат еднакви можности да учествуваат во изборите;
- Инцидентите на гласање во име на друг – каде едно лице презентира документ за дадено овластување да гласа за неколку лица – тие треба, исто така, да бидат пријавени. Гласање во име на друг не е дозволено во многу земји бидејќи ја загрозува тајноста на гласањето и не е во согласност со определбите на ОБСЕ. Гласањетово име на друг се појавува почесто во руралните средини и меѓу определени малцински заедници и може да ги доведе особено жените во неповолна положба. Краткорочните набљудувачи треба да оценат како избирачките комисии на секое избирачко место се справуваат со обидите за гласање во име на друг.

## ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ И КРАТКОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ: УЛОГАТА НА КООРДИНАТОРОТ НА ДОЛГОРОЧНИТЕ НАБЉУДУВАЧИ

### ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ

- ❑ Дали во вашиот регион се кандидираат жени на изборите? Доколку е тоа случај, каков е соодносот на жените во споредба со останатите кандидати? Дали тој сооднос е повеќе или помалку еднаков со оној од претходните избори?
- ❑ Дали некои партии имаат значително поголем број на жени-кандидати во споредба со останатите? Дали некои партии вложуваат посебни напори за привлекување на жени -избирачи или дали ги третираат прашањата кои посебно ги засегаат жените ?
- ❑ Дали во областа во која сте распоредени, постојат жени кои веќе се избрани како лидери? Во каков сооднос се тие со другите?
- ❑ Дали жените се јавуваат како членови на регионални и локални изборни комисии? Во каков сооднос? Колку жени се претседатели на овие комисии?
- ❑ Дали во областа во која сте распоредени, жените се запишани како избирачи во ист број како и мажите? Доколку тоа не случај, дали може да ги утврдите причините за тоа?
- ❑ Дали се спроведуваат обуки или кампањи за излегување на гласање кои се насочени кон жените?
- ❑ Доколку во областа во која сте распоредени постои значителен број на лица кои се припадници на малцинствата, дали жените меѓу нив активно учествуваат во изборите како и мажите, или, пак ,постојат одредени фактори кои го ограничуваат нивното учество?
- ❑ Дали постојат некои други прашања во областа во која сте распоредени, за кои сметате дека влијаат на учеството на жените како избирачи и/или кандидати, било тоа влијание да е позитивно или негативно?

### КРАТКОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ

- ❑ Колку мажите и колку жените се членови во изборните комисии на секое избирачко место? Дали жена или маж е претседател на изборната комисија?
- ❑ Колку мажи и колку жени гласале во избирачкото место кое вие го набљудувате? Доколку овластените лица вклучени во изборите не се во можност да ви ги дадат овие бројки, дали при набљудувањето забележавте дека жените гласале во приближно ист број како и мажите?
- ❑ Дали имаше и случаи на семејно гласање?
- ❑ Дали имаше и случаи на гласање во име на друг?
- ❑ Дали при набљудувањето и/или во текот на разговорите со овластените лица на избирачките места или со партиските претставници и избирачите, забележавте нешто што може да укаже на тоа дека жените избирачи не учествуваат во гласањето на иста основа како и мажите?
- ❑ Каков е општиот сооднос на жените коишто се јавуваат како домашни набљудувачи, и тоа како претставници на политичките партии/кандидатите или како домашни непартиски набљудувачи?



# 7.

# ПОДЕТАЛНА АНАЛИЗА И ИНФОРМАЦИИ: УЛОГАТА НА РОДОВИОТ АНАЛИТИЧАР

Секогаш кога тоа е можно и кога ќе се оцени за потребно, ОДИХР ќе назначи аналитичар за родовите прашања (родов аналитичар), кој ќе работи со полно работно време, како дел од главниот тимот на мисијата за набљудување на изборите. Родовиот аналитичар е одговорен за работата на МНИ во пошироки рамки од аспект на родовите прашања и учеството на жените во изборите. Родовиот аналитичар треба да им даде насоки на сите членови на главниот тим и на долгорочните набљудувачи, да обезбеди вклучување на родовите прашања во работата на МНИ, да ја координира работата на тимот во однос на родовите прашања, како и да предводи во изготвувањето на извештаи, со заклучоци и препораки за прашања поврзани со родовите во текот на изборите. Во деловите коишто следуваат во оваа глава прикажани се мноштво битни прашања коишто понатаму родовите аналитичари можат да ги истражуваат подлабоко и потемелно.

Во случај кога во МНИ нема родов аналитичар вработен со полно работно време, шефот на мисијата треба да определи еден член од главниот тим кој ќе биде контакт лице за родовите прашања, во дополнување на неговите редовни обврски. Бидејќи контакт лицето за родовите прашања ќе има други постојани работни обврски, неговата или нејзината улога во голема мера ќе се состои во координација. На родовиот аналитичар или контакт лицето би требало да му помага локален помошник, вработен со полно работно време, кој ќе собира информации, ќе врши превод и анализа на учеството на жените. Под водство на родовиот аналитичар или контакт лицето, локалниот помошник ,исто така, може да им дава поддршка на другите членови на главниот тим во процесот на набљудување на родовите прашања во областите во кои секој од нив е распореден.

## А. Жените во општеството

Способноста на жените целосно да ги остварат своите човекови права и целосно да учествуваат во политичкиот живот, вклучително и во изборниот процес, зависи од

социјалното опкружување во земјата. Како основа за подобро разбирање на улогата на жените во изборниот процес може да послужи една анализа на местото и улогата на жените во општеството во целина, како и анализа на постоењето на какви било бариери за унапредување на положбата на жените. Во општествата каде жените, општо земено, се наоѓаат во нееднаква положба, во поглед на нивните права, во економијата, образованието или други области, поверојатно е жените, исто така, да се наоѓаат во неповолна положба и во поглед на нивните изборни права и политичко учество.

За да се оцени дали изборната арена е еднаква за жените и мажите, корисно е МНИ да ги разгледа и проучи општите социјални услови. Листата на прашања содржана подолу може да се користи за да се оцени дали земјата ги исполнува меѓународните стандарди за човековите права на жените, усвоени од страна на сите земји- членки на ОБСЕ, кои се вградени во CEDAW:

- Дали жените и мажите се еднакви пред законот? Дали постои правна дискриминација на жените? De facto или фактичка дискриминација? Дали жените ги имаат истите права како и мажите во однос на бракот и во семејството?
- Дали жените имаат еднаков пристап до образованието како и мажите?
- Дали жените имаат еднаков пристап до вработувањето како и мажите? Дали стапката на вработеност е повисока меѓу жените? Дали платите на жените се пониски? Дали жените имаат еднаков пристап до банкарски кредити и заеми?
- Дали жените имаат еднакви права на здравствена заштита?
- Дали насилството врз жените е перманентен проблем во општеството?
- Дали во општеството, општо земено, се разбира и се прифаќа концептот на еднаквост помеѓу жените и мажите и се почитуваат човековите права на жените?
- Дали постојат јасни разлики во ставовите кон еднаквост помеѓу жените и мажите меѓу урбаната и руралната средина?

## Б. Жените во политиката

Во Глава 1 дадена е основна листа на статистички податоци што МНИ треба да се потруди да ги обезбеди, а кои ќе помогнат во оценувањето на нивото на политичкото учество на жените. Мисиите кои имаат родов аналитичар, вработен со полно работно време, треба да се во состојба потемелно да навлезат во собирањето и анализирањето на тие податоци и истите да ги поставуваат во дадениот контекст.

На пример, МНИ треба да настојува да добие податоци за соодносот меѓу мажите и жените во парламентарниот состав којшто е на заминување. Меѓутоа, кога мисиите можат да посветат повеќе ресурси за родовите прашања, исто така, може да биде корисно да се добијат споредбени статистички податоци за бројот на мажите и жените кои се носители на изборни функции и кои се кандидираат за повторен избор, во

споредба со оние кои одлучиле да не се кандидираат повторно. Во некои земји, доказите укажуваат на тоа дека е поверојатно жените да ја напуштат политиката отколку мажите. Жените кои се носители на јавна функција наведуваат повеќе причини за ваквата појава, вклучително и тешкотии во балансирањето на нивниот професионален и семеен живот, чувство дека не ги сфаќаат сериозно, незадоволство со конфронтирачката атмосфера што постои во многу парламенти и чувство дека тие не можат да напредуваат поради моќните лоби групи на старите добри момци. Од бројот на избрани претставници, кои не се кандидираат за повторен избор може да се утврди дали постои правило жените да ги напуштаат функциите во непропорционални размери. Преку разговори и интервјуа со одделни избрани претставници може да се добие увид во околностите кои влијаеле врз нивната одлука да не се кандидираат повторно.

Исто така, се препорачува МНИ да го следи и бројот на потенцијалните кандидати, чија регистрација како кандидати била одбиена од страна на надлежните органи. Посебно треба да се направи споредба со цел да се утврди дали постои непропорционален соодност меѓу вкупниот број на женски кандидати кои биле одбиени, во споредба со бројот на одбиените машки кандидати. Доколку уочи таков диспаритет, МНИ може да продолжи со испитувањето на причини.

Потемелната анализа на бројот на мажите и жените запишани како избирачи во избирачкиот список, исто така, може да обезбеди увид и корисни сознанија за учеството на жените во изборите. Покрај националната статистика, исто така, МНИ може да бара информации за тоа дали постои значителна разлика во однос на учеството на жените во одделни области, или помеѓу одредени малцински групи, при што доколку има такви разлики треба да се утврди на што се должи нивното постоење. Доколку во земјата има голем број на раселени лица, вреди да се разгледа дали раселените жени се запишани во избирачкиот список и дали учествуваат во изборите на иста основа како и мажите.

Учеството на жените во политичкиот процес може подобро да се разбере преку собирање на информации за жените кои се избрани претставници во локалните или регионалните совети или собранија. Особено е корисно да се добијат податоци за тоа колку жени се наоѓаат на чело на локалните и регионалните совети или собранија. Вообичаениот пат до изборна функција на национално, односно државно ниво води преку политички успех на локално ниво. Доколку жените не се соодветно застапени во локалните органи, со тоа се стеснува кругот на жени кои се квалификувани и искусни за вршење на изборна функција во органите на државно ниво.

Друг барометар за учеството на жените и нивниот политички успех претставува бројот на жени кои извршуваат министерска или слична функција. Доколку МНИ остане во земјата додека да се формира новата влада, споредбата на бројот на жени министри во новата влада и

во владата на заминување може да посочи на постоењето на одреден тренд. Исто така, може да се направи преглед на министерските места, со цел, да се утврди кои министерства ги предводат жени. Иако постојат исклучоци, жените честопати се именуваат како министри одговорни за ресорот социјални работи, работејќи на прашања кои вообичаено се сметаат за женски прашања. Критичарите укажуваат дека оваа практика е одраз на социјалните очекувања засновани на стереотипните улоги на жените како мајки и домаќинки, како и на ставовите за тоа кои функции се соодветни за жените, а кои не.

Во одреден број земји формирани се политички партии на „жените".Тие можат да послужат како извор од каде можат да се црпат информации за жените во изборниот процес, како и за прашања кои посебно ги засегаат жените. Понатаму, женските крила или секции во политичките партии, исто така, можат да дадат корисни сознанија за прашањата кои се однесуваат на жените, во практиката поверојатно е тие да ја отсликуваат и следат партиската линија.

Друг фактор кој укажува на начинот на кој се третираат жените во рамките на правниот систем, особено во поглед на изборните прашања, покрај нивните *de jure* права, се поставува прашањето дали судовите се достапни за жените и дали жените тужители се третираат еднакво како и мажите? Доколку во постапките по поднесените приговори или во судски спорови поврзани со изборите се вклучени жени-кандидати или овластени лица на политичката партија, МНИ треба внимателно да го следи прашањето за кое се расправа и треба да оцени дали со тој предмет се постапува поинаку отколку што се постапува со слични предмети во кои се вклучени мажите.

Во Глава 5 дадени се основни насоки за родовите и медиумите за време на изборите. МНИ, која има родов аналитичар, во е можност да спроведе широка анализа за тоа како медиумскиот третман на жените влијае врз нивното учество и успех на изборите. На пример, во мера во која тоа го дозволуваат ресурсите, таквата анализа на медиумите би се зајакнала со додавање на дополнителни компаративни критериуми за начинот на кој медиумите ги третираат жените и мажите одделно.

Како критериум може да се земе и содржината на статија или телевизиска програма што се фокусира само на еден кандидат и каде претежно се прикажуваат информации за неговата личност, семејниот статус или личните карактеристики, наместо неговите ставови за политичките прашања, или дали во содржината се вклучени прашања кои вообичаено се поврзани со жените, како што се здравството, детската заштита, социјалната помош, образованието, независно од тоа дали статијата или емисијата се однесува на кандидат или на политичка партија.

## В. Официјални извори на информации

Неколку државни институции можат да бидат значаен извор за создавање

искривена слика за родовите во земјата каде се врши набљудувањето:

- Изборните органи на централно и регионално ниво се примарен извор на информации за споредбените бројки меѓу машките и женските кандидати, меѓу членовите на изборните комисии и комисии во одделните избирачки места, како и претседателите на овие изборни органи;
- Овластените службени лица од локалната самоуправа или подрачните единици на Министерството за внатрешни работи (локалната полиција) веројатно се најсоодветните извори на информации за евиденцијата на избирачите и за добивање споредбени податоци за бројот на мажите и жените кои се запишани во тие области или региони;
- МНИ, исто така, треба да утврди кое министерство, одделение или комисија се одговорни за еднаква примена на правата, недискриминација и изготвување одредби за родовата еднаквост. Исто така, во извештајниот формулар треба да се евидентира дека не постојат такви органи. Често, органот не е независен туку е подреден на одредено постојно министерство На пример, под Министерството за труд и вработување или под Министерството за семејна и социјална помош. Овие органи треба да даваат битни информации и сознанија за политиките и предизвиците со кои се соочуваат во промовирањето и примената на родова еднаквост;
- Речиси во сите земји, постои институција Завод за статистички податоци, каде се собираат и обработуваат податоци за мноштво субјекти, вклучително и основни податоци добиени со пописот на населението, економски податоци, податоци за образованието и здравствената заштита, социјалната помош и др. Во идеални услови, овие информации треба да бидат јавно достапни во форма која ќе овозможи да се прават споредби помеѓу мажите и жените за прашања какви што се писменоста, образованието, вработувањето или приходите;
- Канцелариите на народниот правобранител или националната канцеларија за заштита на човековите права можат да бидат значаен извор на информации за определени проблеми со кои се соочуваат жените;
- Средби со судии и јавни обвинители, како и со професионални адвокатски комори и организации за лобирање и поддршка на жените, можат да дадат сознанија за начинот на кој правниот систем ги третира жените.

## Г. Невладини организации

Основна задача на мисијата за набљудување на изборите е да одржува средби со невладини организации, стручни здруженија и граѓански групи. Нивните познавања и информации можат да бидат исклучително значајни во насока на потврдување или спротивставување на впечатоците добиени од официјалните извори. Во

однос на прашањето поврзано со учеството на жените во изборниот процес, одделни НВО може посебно да се квалификувани да говорат за бариерите на учеството на жените, за институционалниот одговор од страна на државните институции на потребите на жените, како и за степенот на посветеност на женските прашања од страна на кандидатите и избраните претставници.

Покрај собирањето на општи информации, учеството на жените во работата на невладините организации само по себе го покажува степенот на политичко учество на жените во општеството. Таквата вклученост или ангажираност може да биде потенцијална сила за предизвикување социјални промени. Оценувањето на статусот на женските НВО, нивното прифаќање како составен дел на граѓанското општество, нивното ефективно дејствување на планот на унапредување на свеста за овие прашања и нивната способност да предизвикаат социјални и политички промени може да отвори нова и дополнителна димензија за следење на учеството на жените во политичкиот процес.

## ТОЧКИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ: ПОДЕТАЉНА АНАЛИЗА И ИНФОРМАЦИИ

### ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВО

- ❑ Во која мера државата ги исполнува определбите на ОБСЕ и другите меѓународни обврски за човековите права на жените и за еднаквоста помеѓу жените и мажите?
- ❑ Дали жените се еднакви пред законот? Како нив ги третира судскиот систем, особено за прашањата поврзани со изборите?
- ❑ Дали постојат докази за дискриминација на жените во општеството?
- ❑ Дали жените имаат еднаков пристап до образованието, здравствената заштита и вработувањето?
- ❑ Дали жените уживаат еднаквост во економската сфера?
- ❑ Дали жените се обраќаат до националните институции како што се народниот правобранител или комисиите за човекови права? Доколку е тоа случај, најмногу на што се жалаат тие?

## ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА

- ❑ Дали жените ја напуштаат политиката во поголем број од мажите? Доколку е така, зошто е тоа случај? Колкав број мажи, а колкав број жени носители на изборни функции одлучиле да не се кандидираат повторно?
- ❑ Дали е поверојатно да се одбие регистрација на жени-кандидати отколку што е тоа случај со мажите?
- ❑ Дали избирачките списоци покажуваат одредени нееднаквости помеѓу жените и мажите?
- ❑ Дали жените се доволно претставени во локалните совети и во регионалните собранија?
- ❑ Дали жените имаа значајна улога како министри или градоначалници?
- ❑ Дали постојат „женски" политички партии и дали тие имаат позначително влијание? Кои прашања тие ги сметаат за најбитни?
- ❑ Дали женските крила на политичките партии имаат различни приоритети од оние на централната партиска структура?

## НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

- ❑ Дали постојат НВО кои работат на планот на унапредување на правата на жените? Според нив, кои прашања предизвикуваат загриженост?
- ❑ Дали некои НВО се посебно вклучени во напорите за зголемување на политичкото учество на жените? Доколку е тоа случај, какви сознанија тие имаат во поглед на пречките или бариерите за учество на жените во изборите?
- ❑ До кој степен жените учествуваат во работата на НВО? До кој степен жените учествуваат во работата на НВО кои се активни на полето на изборните прашања?
- ❑ Дали жените се вклучени на лидерските позиции во НВО? Доколку е тоа случај, дали тоа претставува делотворна форма за политичко учество и сослушување на нивните ставови?

# ПРИЛОГ: ОДБРАНИ МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ

## Одбрани определби на ОБСЕ

***Повелба за европската безбедност, Истанбул, 1999 година***

23. Целосното и еднакво остварување на човековите права на жените е од суштинско значење за да се постигне поголем мир, просперитет и демократски развој на регионот во кој дејствува ОБСЕ. Ние сме посветени да обезбедиме еднаквост помеѓу мажите и жените, како составен дел на нашите политики ….

24. Ние ќе преземеме мерки за елиминација на сите форми на дискриминација на жените и за да ставиме крај на насилството врз жените...

***Московски документ, 1991 година***

40. Земјите-членки на ОБСЕ признаваат дека целосната и вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените претставува фундаментален аспект во едно праведно и демократско општество, кое почива на принципите на владеењето на правото. Тие признаваат дека севкупниот развиток на општеството и благосостојбата на сите членови на заедницата налага еднаква можност за целосно и еднакво учество на мажите и жените. Во овој контекст, тие

40.1 – ќе обезбедат сите определби на КЕБС кои се однесуваа на заштитата и унапредувањето на човековите права и основни слободи да се остварат целосно и без дискриминација по основ на полот;

40.2 – ќе се придржуваат кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW), доколку се договорни страни ….

40.3 – ќе афирмираат дека нивна цел е да се постигне не само *de jure* туку и *de facto* еднакви можности на мажите и жените и во таа насока ќе промовираат делотворни мерки;

40.8 – ќе поттикнуваат и унапредуваат еднакви можности за целосно учество на жените во сите аспекти на политичкиот и јавниот живот, во процесите на донесување на одлуки и општо земено, во досегот на меѓународната соработка;…

40.13 – ќе обезбедат собирање и анализа на податоци со цел да се оцени да се следи и да се подобри положбата на жените ….

## Одбрани стандарди и обврски на обединетите нации

***Универзална декларација на човековите права***

Членот 2. Сите права и слободи наведени во оваа Декларација, им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики,, како што се:

раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање или друг статус….

Членот 7. Сите луѓе се еднакви пред законот и на сите им припаѓа, без никаква дискриминација, еднаква заштита со закон...

Членот 21. 1. Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.

2. Секој има право на еднаков пристап кон јавните функции во земјата.

3. Волјата на народот ќе биде основата на власта; волјата на народот ќе се изразува на повремени и општи избори , што ќе се одржуваат, со универзално и еднакво право на глас и со тајно гласање или според соодветните процедури на слободно гласање….

***Меѓународен пакт за граѓански и политички права***

Членот 3. Државите-страни на овој пакт се обврзуваат да им обезбедат подеднакво право на мажите и жените да ги уживаат сите граѓански и политички права утврдени со овој пакт.

Членот 25. Секој граѓанин има право и можност …

(а) да учествува во управувањето со јавни работи, или непосредно или преку слободно избрани претставници;

(б) да гласа и да биде избран на периодични избори , автентични, општи, еднакви и тајни избори, што обезбедуваат слободно изразување на волјата на избирачите...

Членот 26. Сите лица се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација на подеднаква заштита пред законот.….

***Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените***

Членот 2. Државите членки ја осудуваат дискриминацијата на жените во сите видови, согласни да ја спроведуваат, со сите соодветни средства што им стојат на располагање и без одложување, политиката на отстранување на дискриминација на жените и за таа цел се обврзуваат:

(а) да го внесат принципот на рамноправност на мажите и жените во своите национални устави или во соодветните закони, доколку тоа веќе не го сториле, како и да обезбедат, со законски или со други соодветни мерки, практична примена на тој принцип;

(б) да усвојат соодветни законски и други мерки, вклучувајќи и санкции каде што е потребно, со кои се забрануваат сите видови дискриминација на жените;…

Членот 7. Државите членки ги преземаат сите погодни мерки за отстранување на дискриминацијата на жените во политичкиот и јавниот живот на земјата, а посебносе должни

да го обезбедат, под еднакви услови како и на мажите, правото на жените:

(а) да гласат на сите избори и јавни референдуми, како и да бидат избрани во сите тела што се избираат по пат на јавни избори;

(б) да учествуваат во креирањето и спроведувањето на владината политика и да заземаат раководни положби и да ги вршат сите јавни функции на сите нивоа на власт;

(в) да учествуваат во работата на невладините организации и здруженија што се занимаваат со јавниот и политичкиот живот во земјата....

# ЗА ОБСЕ/ОДИХР

Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) е основна институција на ОБСЕ, која има за цел да им помогне на земји- членки на ОБСЕ „да обезбедат целосно почитување на човековите права и основни слободи, придржување до принципот на владеење на правото, промовирање на принципите на демократијата и (…) да изградат, да ги зајакнат и да ги штитат демократските институции, како и да промовираат толеранција во општеството“ (Хелсиншки документ, 1992 година).

ОДИХР, со седиште во Варшава, Полска беше основана како Канцеларија за слободни избори на Самитот одржан во Париз, 1990 година, а започна да функционира во мај 1991 година. Една година подоцна, името на канцеларијата беше сменето, со цел да го отслика проширениот мандат во кој се вклучени човековите права и демократизацијата. Денес, тука се вработени повеќе од 100 лица.

ОДИХР е водечка организација во Европа која дејствува на полето на **набљудување на изборите**. Таа, секоја година, го координира и организира распоредувањето на неколку набљудувачки мисии со илјадници набљудувачи, кои имаат за цел да оценат дали изборите во регионот што го покрива ОБСЕ се одвиваат во согласност со националното законодавство и меѓународните стандарди. Методологијата што се користи овозможува продлабочен увид во сите елементи на изборниот процес. Преку проектите за техничка помош, ОДИХР им помага на земји- членки на ОБСЕ да ја подобрат изборната рамка.

Активностите на ОДИХР за **демократизација** ги вклучуваат следниве тематски области: владеењето на правото, граѓанското општество, слободата на движење, родовата еднаквост и трговијата со луѓе. Секоја година, ОДИХР спроведува повеќе од 100 таргетирани програми за техничка помош, настојувајќи да помогне во поуспешно придржување на државата кон определбите на ОБСЕ и во градењето на демократски структури.

ОДИХР ја промовира заштитата на **човековите права** преку проекти за техничка помош и обука за прашања поврзани со човековата димензија. Врши истражувања и изготвува извештаи на различни теми од областа на човековите права. Покрај тоа, канцеларијата организира по неколку средби секоја година заради испитување на примената на определбите на ОБСЕ за човековата димензија во земји- членки. Во рамките на своите антитерористички активности, ОДИХР работи на градење свест за прашањата поврзани со човековата димензија и спроведува проекти, преку кои суштински се третираат факторите кои го предизвикуваат тероризмот.

ОДИХР им дава совета на земји- членки на ОБСЕ за нивните политики кон **Ромите и Синтите**. Промовира јакнење на капацитетите и мрежно поврзување на заедниците на Ромите

и Синтите и го поттикнува учеството на претставници на Ромите и Синтите во органите надлежни за донесување на одлуки. Канцеларијата, исто така, овозможува размена на информации за прашања поврзани со Ромите и Синтите меѓу националните и меѓународните субјекти.

Сите активности на ОДИХР се спроведуваат во тесна координација и во соработка со институциите и теренските мисии на ОБСЕ, како и со други меѓународни организации.

Повеќе информации можат да се најдат на интернет-страницата на ОДИХР (www.obse.org/ODIHR).

Овој прирачник дава насоки за набљудување на учеството на жените во изборниот процес. Тој е изготвен како резултат на напорите на ОБСЕ/ОДИХР за подобрување на еднаквоста помеѓу жените и мажите преку вклучување на родовите прашања во сите области од нивното работење.

Прирачникот е изготвен да послужи како работна алатка која ќе им помогне на мисиите на ОБСЕ/ОДИХР задолжени за набљудување на изборите во идентификувањето на различни елементи од изборниот процес кои можат да влијаат врз еднаквото учество на жените. Во прирачникот се утврдени практични чекори што треба да се преземаат, со цел, интегрирање на родовата перспектива во набљудувањето на изборите, како и потребата при извлекување на заклучоци за степенот до кој изборниот процес ги задоволува определбите на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори, целосно да се земе предвид како изборниот процес влијае и врз жените и врз мажите.

Покрај мисиите на ОБСЕ/ОДИХР за набљудување на изборите, овој прирачник, исто така, е корисен за останатите меѓународни набљудувачи, како и за работата на домашните набљудувачки групи.